Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 161.2-507/1

Скопје 15.04 2020

До

**Предмет:** РЕШЕНИЕ **за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме за следното:

- **За прашање под реден број 1 и 2.** „Колку нелегални мигранти се фатени во периодот во 2016, 2017, 2018, 2019 и првите два месеци од 2020 година?" и „Колку кривични пријави се поднесени за криумчарење на мигранти од 2016 до првите два месеци од 2020 година и против колку лица?"

  – Во прилог ви ги доставуваме табеларните прикази за период 2016-29.02.2020(заклучно со првите два месеци од 2020 година) со статистички податоци за откриени и спречени мигранти при обид за илегално преминување на државните граници и регистрирани кривични дела „криумчарење мигранти"и сторители.(2 табели). Воедно ве информираме дека податоците за периодот од 2016 до 2019 година се објавени и се јавно достапни на веб страната на Министерството за внатрешни работи за што ви доставуваме и линк од истата.

  https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/64


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

- **За прашање под реден број 3.** – „Дали некој од мигрантите останал тука барајќи азил или сите заминале?“

- Согласно евиденциите на Министерството за внатрешни работи:

**Во 2016 година**-Примени се 603 барања за азил за вкупно 760 лица
Од нив на 1 лице му се призна право на азил-признаен бегалец и на 6 лица им се призна право на азил заради супсидијарна заштита.

**Во 2017 година**-Примени се 147 барања за азил за вкупно 162 лица
Во наведениот период нема ниту едно лице со одобрен статус на бегалец и статус на супсидијарна заштита.

**Во 2018 година**-Примени се 264 барања за азил за вкупно 299 лица
Од нив на 4 лица им се призна право на азил заради супсидијарна заштита, а за дел од нив се донесени решенија со кои се запира постапката за признавање на азил поради тоа што ја напуштиле нашата држава во периодот додека траела постапката,без притоа да ги известат надлежните институции.

**Во 2019 година**-Примени се 452 барања за азил за вкупно 490 лица
Од нив на 1 лице му се призна право на азил заради супсидијарна заштита, а за дел од нив се донесени решенија со кои се запира постапката за признавање на азил поради тоа што ја напуштиле нашата држава во периодот додека траела постапката,без притоа да ги известат надлежните институции.

Во периодот **од 1 јануари до 15 март 2020 година** поднесени се вкупно 150 барања за признавање на право на азил

Во наведениот период нема ниту едно лице со одобрен статус на бегалец и статус на супсидијарна заштита.

Воедно би напоменале дека за одреден број на баратели постапката се уште е во тек, имајќи предвид дека истата согласно Законот за меѓународна и привремена заштита трае 6 месеци со можност под одредени услови да се продолжи за уште 3 месеци.

Најголемиот број на баратели додека се уште им е во тек постапката за признавање на правото на азил, доброволно ја напуштаат установата во која се сместени без притоа да ги известат надлежните институции, бидејќи Р.С.Македонија за нив не е крајна дестинација.

- **За прашање под реден број 4.** – „Дали ќе може да добијам надлежен инспектор детално запознаен со ова кој што би можел да даде изјава во врска со нелегалните миграции во Македонија?"

  - Во врска со ова прашање како што ве информиравме и телефонски, Вашето барање за изјава доставете го како новинарско барање на мејл: mvrjavnost@gmail.com во кое ќе наведете термин за реализација, бидејќи ваквите барања не се третираат согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Воедно во претходните прашања веќе се дадени споредбените статистики за илегалните мигранти за сите години поодделно, како и на посочениот линк од веб страната на Министерството за внатрешни работи .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа и Оддел за гранични работи и миграции при Бирото за јавна безбедност и Секторот за азил од каде добивме одговори кои што му ги доставуваме на барателот.

Прилог: 2 табели

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

ИЛЕГАЛНИ МИГРАНТИ ВО ПЕРИОДОТ 2016-29.02.2020 година

| Година | 2016 | 2017 | зголемување намалување | 2017 | 2018 | зголемување намалување | 2018 | 2019 | зголемување намалување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Илегални мигранти | 127.358* | 4.129 | повеќекратно намалување | 4.129 | 16.895 | зголемување за 4.1 пат | 16.895 | 24.601 | 45,6% |
| албански државјани | 374 | 252 | -32,6% | 252 | 241 | -4,4% | 241 | 215 | -10,8% |
| авганистански државјани | 35.079 | 963 | повеќекратно намалување | 963 | 2.625 | зголемување за 2.7 пати | 2.625 | 6.249 | зголемување за 2.4 пати |
| сириjски државјани | 49.633 | 476 | повеќекратно намалување | 476 | 582 | 22,3% | 582 | 1.156 | 98,6% |
| пакистански државјани | 4.143 | 1.033 | повеќекратно намалување | 1.033 | 4.970 | зголемување за 4.8 пати | 4.970 | 7.820 | 57,3% |
| ирачки државјани | 19.508 | 250 | -98,7% | 250 | 959 | зголемување за 3.8 пати | 959 | 501 | -47,8% |

*Во податокот е содржан и бројот на издадени потврди за време на мигрантската криза

| Година | од 01.01 до 29.02.2020 |
|---|---|
| Илегални мигранти | 5.383 |

**Состојби во областа на организираниот криминал за кривично дело криумчарење мигранти за период 2016-29.02.2020**

| **година** | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | од 01.01. до 29.02.2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| **кривично дело криумчарење мигранти** | 80 | 13 | 44 | 49 | 12 |
| **сторители** | 123 | 36 | 62 | 96 | 13 |